**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 10-801/8**
**Скопје, 09.12.2005 година**

**ДО**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ**
**„ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО“ ЦО**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие „Паркови и зеленило“цо -Скопје ( во понатамошниот текст „Паркови и зеленило“) за 2004 година, кои се прикажани на страните од 14 до 17.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на „Паркови и зеленило“ за 2001 година. За годината 2003 која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - М-р Сашко Насев - директор до 23.09.2004 година и
   - Здравко Брезовски – вршител на должноста директор од 24.09.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 13, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од од 12.09. до 10.10.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Максим Ацевски, Помошник главен државен ревизор;
   - Љубинка Здравеска- самостоен ревизор,
   - Весна Младеновска, ревизор,
   - Билјана Арсовска Андонова, ревизор,
   - Десанка Крстеска, ревизор,
   - Мирјана Симакоска, ревизор,

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на „Паркови и зеленило“ добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 10-801/7 од 25.11.2005 година и тоа на точките 10.1.1; 10.1.2; 10.1.3; 10.1.4; 10.1.5; 10.2.1; 10.2.2; 10.2.3; 10.3.1; 10.3.2; 10.3.3; 10.4.1; 10.4.3; 10.4.4; 10.4.6; 10.4.9; 10.4.10; 10.4.11 и 10.6. Овластениот државен ревизор истите ги разгледа и не ги прифати.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти**

11.1.1. Работничкиот совет на ЈПК „Комуналец“-Скопје на ден 08.10.1992 година донесува Одлука број 02-8800/7 за поделба на претпријатието на повеќе правни субјекти. Во наведенета одлука е утврдено дека за одржување на јавното зеленило во градот ЈП „Водовод и канализација“ е обврзано да издвојува средства во износ од 22% од цената по едем метар кубен вода од фактурираната реализација. На 04.05.1993 година Извршниот совет на Собранието на град Скопје донел Заклучок број 09-1375/1 за отварање на посебна сметка за прибирање на средствата во висина од 22% за погореутврдената намена. До денот на ревизијата наведената сметка не е отворена што е во спротивност на наведениот Заклучок. Известувањето и уплатувањето на средствата за оваа намена се извршува врз основа на известувања од страна на ЈП „Водовод и Канализација“, без да е извршен увид и контрола од страна на „Паркови и зеленило“. Отсуството на соодветни процедури и постапки за контрола на степенот на наплата и распределба на наплатените и уплатените средства во корист на „Паркови и зеленило“ и неотварањето на соодветна сметка за автоматска распределба на наплатените средства, предизвикува „Паркови и зеленило“ во трговските книги да искаже приходи по овој основ во износ од 144.299 илјади денари и побарувања во износ од 164.582 илјади денари врз основа на нецелосни и неверодостојни документи.

11.1.2. На ден 01.07.2003 година Управниот одбор на претпријатието донесува Одлука број 02-1421/8 со која се врши усвојување на Правилникот за организација и систематизација на ротните места во „Паркови и зеленило“ заведен под број 02-1421/1. Во наведениот Правилник покрај описот и пописот на работните задачи во организацвионите делови не

е наведен потребниот број на вработени со кој ке се извршуваат наведените работни задачи. Непревземањето на активности за дефинирање на вкупниот број работници, предизвикува и овозможува: несоодветно организирање и искористување на работната сила, економично и стабилно работење и намалување на трошоците, и субјективен пристап при одлучувањето за потребите од работна сила од страна на директорот на претпријатието.

11.1.3. „Паркови и зеленило“ воспоставило пракса на исплата на дел од надоместоците за регрес за годишен одмор и храна во износ од 2.125 илјади денари (регрес за годишен одмор во износ од 976 илјади денари и надомест за храна во износ од 1.149 илјади денари) да ги исплатува во вредносни потврди-бонови што е спротивно на одредбите од Законот за исплата на платите во Република Македонија, Законот за платен промет и колективниот договор. Непочитувањето на наведените акти и воспоставената пракса на исплати предизвикуваат: неможност вработените слободно да располагаат со средствата, слобода на пазарот, еднаква положба на сите правни субјекти и фер конкуренција.

11.1.4. Во сметководствената евиденција „Паркови и зеленило“ искажала обврски за останати неспомнати даноци, придонеси и други давачки во износ од 613 илјади денари кои произлегуваат од поранешни години за пресметани средства на солидарноста, без притоа да се превземат конкретни активности за нивно плаќање согласно Наредбата за уплата на средствата на солидарноста. Непочитувањето на наведената наредба и неуплатување на наведените средства во корист на трезорската сметка „средства на солидарноста на Републиката за отстранување на последиците од елементарни непогоди“ предизвикува потценување на приходите на Републиката наменети за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

11.1.5. „Паркови и зеленило“ има искористено краткорочен кредит во износ од 3.000 илјади денари од Комерцијална банка АД Скопје на 27.12.2004 година, за кој е склучен Договор заведен под број 03-2869 од 27.12.2004 година. За задолжувањето кај наведениот субјекти „Паркови и зеленило“ нема добиено согласност од основачот, што е спротивно на член 11 од Законот за јавните претпријатија. Непочитувањето на законските одредби предизвикува претпријатието незаконски да се задолжува за наведените средства од Комерцијална банка АД Скопје и плаќање на месечни камати.

**Препораки и мерки:**

1. Основачот на јавните претпријатија (Градот Скопје) да пропише и воспостави соодветни постапки и процеури за степенот на наплата и распределба на наплатените и уплатените средства во корист на „Паркови и зеленило“ од страна на „Водовод и канализација“, и наложи отварање на сметки на „Водовод и канализација“ со автоматски клуч на распределба.

2. „Паркови и зеленило“ да превземе активности со кои ке изврши додефинирање на Правилникот за организација и систематизација на работните места, во поглед на утврдување на точниот број на работници по организациони делови.

3. „Паркови и зеленило“ да престане со праксата на исплата на регрес за годишен одмор и надоместок за храна во вид на вредносни потврди-

бонови и во понатамошниот период да ја преиспита законитоста на исплата на регресот на годишен одмор согласно Законот за работни односи.

4. „Паркови и зеленило“ да изврши плаќање на неплатените обврски од поранешни и тековната година на име средства на солидарноста согласно Наредбата и за истото го извести Државниот завод за ревизија.

5. „Паркови и зеленило“ да воспостави процедури кои во наредниот период ќе оневозможат претпријатието да се задолжува без согласност на основачот и да пристапи кон утврдување на одговорноста на лицата кои овозможиле задолжување на претпријатието без согласност.

11.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. На позициите побарувања од купувачите во земјата, вредносно усогласување на побарувањата од купувачите, аванси, депозити и кауции и обврски спрема добавувачи во земјата во Билансот на состојба искажани се побарувања од купувачите во износ од 14.068 илјади денари, вредносно усогласување на побарувањата од купувачите во износ од 13.720, аванси во износ од 76 илјади денари и обврски спрема добавувачите во износ од 1.110 илјади денари, кои потекнуваат од поранешни години, истите се застарени и не се превземени соодветни активности за нивна наплата-плаќање односно отпишување што е спротивно на Законот за облигационите односи. Непочитувањето на законот за облигационите односи и непревземањето на активности за нивна наплата-плаќање односно раскнижување-отпишување на наведените позиции предизвикува нереално и необјективно прикажување на наведените позиции. (прилог број 1).

11.2.2. На позицијата побарувања од купувачи во земјата во Билансот на состојба искажани се побарувања од повеќе коминтенти во износ од 299 илјади денари кои потекнуваат од поранешни години за користење на деловен простор под закуп по претходно склучени Договори за закуп. Непревземањето на активности за вклучување на клаузули во договорите за обезбедување на побарувањата од закупувачите, непочитување на одредбите од договорите за закуп од страна на закупувачите и непревземањето активности за наплата на побарувањата предизвикува неможност за наплата на искажаните побарувања и нереално и необјективно прикажување на наведената позиција. (прилог број 2).

11.2.3. На позицијата останати побарувања од поврзани субјекти во Билансот на состојба искажани се побарувања во износ од 402 илјади денари стекнати со склучен договор за цесија број 03-1262/1 од 25.06.2004 година помеѓу ЈП „Водовод и канализација“, ,,Паркови и зеленило,, и „Драмски театар“-Скопје со кој ,,Паркови и зеленило,, го заменува побарувањето од „Водовод и канализација“ со побарување од „Драмски театар“. Пристапувањето кон склучување на наведениот договор, „Паркови и зеленило“ се согласило своето побарување од субјект од кој може да го наплати со субјект од кој побарувањето е тешко наплатливо. До денот на ревизијата побарувањата од „Драмски театар не се наплатени“. Пристапувањето кон потпишување на наведениот договор без извршена проценка на степенот на нивната

наплата од новиот должник придонесува да се оневозможи наплатата на наведените побарувања.

**Препораки и мерки:**

1. “Паркови и зеленило“ да превземе активности за наплата-плаќање на ненаплатените побарувања и обврски и за истите кои ќе оцени дека се ненаплатливи да предложи на надлежниот орган да донесе соодветен акт за отпишување на истите во согласност со Законот за облигационите односи.

2. „Паркови и зеленило“ да воспостави соодветни процедури и постаки кои ќе овозможат при склучувањето на договорите за изнајмување на деловните простори да вклучува клаузули за обезбедување на побарувањата (гаранција, барирaн чек и грагански чек), кое ќе обезбеди сигурна наплата на побарувањата.

3. „Паркови и зеленило“ да воспостави соодветни процедури и постапки со кои при пристапување на склучување на договори за цесија ќе ја оценува солветноста и можноста за наплата на побарувањата од новиот должник.

11.3. **Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

11.3.1. На позицијата приходи од учество на вложувања во неповрзани субјекти во Билансот на успех искажани се приходи во износ од 44 илјади денари, без притоа „Паркови и зеленило“ во трговските книги да ги искаже долгорочните финансиски вложувања. За осознавање на потребните податоци, Главниот државен ревизор со писмо број 10-685/1 од 03.10.2005 година се обрати до Централниот депозитар на хартии од вредност со кое бара да се доставaт податоци за бројот на акциите и нивната вредност со кое „Паркови и зеленило“ ги поседува во Комерцијална Банка АД Скопје. Според Известувањето од Централниот депозитар на хартии од вредност број 02-2929/1 од 05.10.2005 година на сметката за хартии од вредност која ја поседува „Паркови и зеленило“ заклучно со 05.10.2005 година се евидентирани 590 обични акции со номинална вредност од 1 илјада денари за една акција. Невоспоставувањето контакт со надлежните институции, неследење на вложувањета во трајниот влог и непревземањето на конкретни активности предизвикува искажување во помал износ од 590 илјади денари на долгорочните финансиски вложувања, приходите од вложувања и добивката од редовното работење пред оданочување за износ од 590 илјада денари.

11.3.2. На позицијата вложувања (акции или удели) во поврзани субјекти во Билансот на состојба искажани се вложувања за летниот диско бар „Клуб Кабрио“ во износ од 5.580 илјади денари без постоење на уредна и веродостојна документација што е спротивно на одредбите на Законот за трговски друштва. Необезбедувањето на веродстојна и уредна документација како основ за спроведување на промените во трговските книги предизвикува нереално и необјективно искажување нас позицијата вложувања во поврзани субјекти во билансот на состојба и искажување на дадените аванси, депозити и кауции во помал износ од 5.580 илјади денари. (врска наод 10.4.6)

11.3.3. „Паркови и зеленило“ во трговските книги искажува материјални средства (ограда) со вкупна набавна вредност од 1.586 илјади денари, која набавка (на материјалните средства-ограда) се извршени заклучно

со 31.12.2002 година. За извршените набавки непостои соодветен акт од надлежен орган. Набавката на материјалните средства-ограда е поставена во забавниот парк со кој располага и управува Трговското друштво забавен парк „Луна“ ДООЕЛ Скопје каде единствен содружник е „Паркови и зеленило“. Отсуството на соодветен акт за вложувања во наведените средства, пречекурувањето на овластувањата на одговорните лица во тој период предизвикува вложувања во материјални средства во друго трговско друштво, искажување во поголем износ од 1.586 илјади денари на матријалните средства и во помал износ на побарувањата за дадени аванси, депозити и кауции. (врска наод 10.4.8.)

11.3.4. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 55 конфирмации до исто толку коминтенти добиени се 20 одговори, што претставува 36.36% од вкупно испратените, од кои 7 се потврдени односно 35 % од пристигнатите а 13 не се потврдени односно 65 %, додека 35 воопшто не одговорија што претставува 63,64% од испратените конфирмации. Од претходното може да се констатира мал одзив на Вашите коминтенти кое оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препораки и мерки:**

1. „Паркови и зеленило“ да воспостави соодветни процедури, постапки, политики и начела за редовно следење, признавање и искажување на долгорочните финансики вложувања во трговските книги.

2. „Паркови и зеленило“ да воспостави соодветни процедури, постапки, политики и начела на признавање и искажување на промените во трговските книги врз основа на веродостојни и вистинити сметководствени документи.

3. „Паркови и зеленило“ да превземе соодветни постапки и активности за усогласување на меѓусебните побарувања и обврски со комитентите, што преставува основ за реално, објективно и веродостојно искажување на истите.

4. „Паркови и зеленило“ да превземе активности за воспоставување на меѓусебна комуникација и конкретен договор со ТД „Луна“ ДООЕЛ Скопје за искнижување на материјалните средства од трговските книги, прокнижување и наплата на побарувањата од наведеното трговско друштво.

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.4.1. Извршени се набавки на материјали, резервни делови,ситен инвентар, авто-гуми и услуги во вкупен износ од 18.227 илјади денари од кои за набавките во износ од 7.688 илјади денари при спроведување на постаката не е овозможено доследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки и за набавките во износ од 10.539 илјади денари не е спроведена постапка за јавна набавка. Непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки за набавка на материлали, резервни делови, ситен инвентар, авто-гуми и услуги предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата, набавки по повисоки цени, и необезбедување на фер

конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.(Прилог број 3)

11.4.2. На ден 21.12.2000 година склучени се договори за цесија со кој основачот (градот Скопје) на претпријатието, ги отстапува своите побарување во износ од 6.872 илјади денари од „Зимекс“ и износ од 7.500 илјади денари од „Конартис“ во корист на „Паркови и зеленило“. Цесусите („Зимекс“ и „Конартис“) не пристапиле кон плаќање на своите обврски.

За таа цел на ден 04.05.2001 година „Паркови и зеленило“ склучува три договори за здружување на средства за изградба на административно деловен простор со ДПТУ „Зимекс“ од Скопје, и тоа: договор број 03-724 изградба на административно деловен простор во вкупна површина од 34,80 метри квадратни по цена од 65 илјади денари; договор број 03-725 изградба на административно деловен простор во вкупна површина од 22,00 метри квадратни и договор број 03-726 изградба на административно деловен простор во вкупна површина од 33,00 метри квадратни сите по цена од 65 илјади денари по метар квадратен-карабина, без одлука од надлежниот орган и согласност од оснивачот за инвестициони вложувања што е спротивно на статутарните одредби.

На ден 25.04.2002 година, под број 03-703 заведен е Анекс кон договорот за здружувања на средства за изградба на административно-деловен простор број 03-726 со кој ставот еден од претходниот договор се заменува и „Паркови и зеленило“ прифаќа да здружи средства за изградба на административно деловен простор со вкупна површина од 125 метри квадратни по цена 65 илјади плус ДДВ, без одлука од надлежниот орган и согласност од оснивачот за инвестициони вложувања што е спротивно на статутарните одредби.

За осознавање на состојбите ревизијата изврши увид на лице место при што го констатира следното: до денот на ревизијата „Паркови и зеленило“ не превземале активности за осознавање на местоположбата и состојбата на административно деловниот простор, непревземало активности за стекнување на сопственоста и нејзино упишување во јавните книги што е спротивно на Законот за сопственост и други стварни права и Законот за облигационите односи, не е извршено примопредавање на административно деловниот простор, не е упатено известување до „Паркови и зеленило“ за да се изврши потребното примопредавање на наведените простори и покрај то што во наведените простори се вселени други правни лица за кои „Паркови и зеленило нема сознание„.

Непочитувањето на наведените акти, пречекорувањата на овластувањата од страна на директорот и непревземањето на соодветните мерки и активности предизвикува: превземање на активности надвор од своите овластувања и надлежности, неможност „Паркови и зеленило“ да располага со административно деловните простории, да изврши нивно упишување во јавните книги, а воедно овозможување на противправна имотна корист на „Зимекс“ во износ од 16.272 илјада денари во вкупна вредност со наод број 10.4.3.

11.4.3. На ден 22.12.2000 година „Паркови и зеленило“ склучува два договори за здружување на средства за изградба на стан со ДПТУ „Зимекс“ од Скопје, и тоа: договор број 03-2225 изградба на стан во вкупна површина од 69,60 метри квадратни и договор број 03-726 изградба на стан во вкупна површина од 46,50 метри квадратни сите по цена од

1.690,00 ДМ по метар квадратен, без одлука од надлежниот орган и согласност од основачот за инвестициони вложувања што е спротивно на статутарните одредби.

За осознавање на состојбите ревизијата изврши увид на лице место при што го констатира следното: до денот на ревизијата „Паркови и зеленило“ не превземале активности за осознавање на местоположбата и состојбата на стамбениот простор, непревземало активности за стекнување на сопственоста и нејзино упишување во јавните книги што е спротивно на Законот за сопственост и Законот за облигационите односи, не е извршено примопредавање на стамбениот простор, не е упатено известување до „Паркови и зеленило“ за да се изврши потребното примопредавање на наведените станови и еден од становите во површина од 46,50 метри квадратни по пат на суброгација е преотстапен на друго лице„.

Непочитувањето на наведените акти, пречекорувањата на овластувањата од страна на директорот и непревземањето на соодведтните мерки и активности предизвикува: превземање на активности надвор од своите овластувања и надлежности, неможност „Паркови и зеленило“ да располага со станот во површина од 69,60 метри квадратни, да изврши нивно упишување во јавните книги, а воедно овозможување на противправна имотна корист на „Зимекс“ во износ од 16.272 илјада денари во вкупна вредност со наод број 10.4.2.

11.4.4. На ден 15.02.2002 година склучен е договор за исполнување на долг со суброгација заведен под број 03-01/2 помеѓу „Зимекс“-доверител, „паркови и зеленило“-исполнувач и Нелковска Ленче-должник, со кој обврската на „паркови и зеленило“ за здружување на средства за изградба на станот во површина од 46,50 метри квадратни ја превзема Н.Л-должник, без соодветен акт од надлежен орган што е спротивно на статутарните одредби. Согласно член 5 од наведениот договор скјлучен е Протокол за начинот и условите за враќање на исполнет долг заведен под број 03-01/3 од 26.02.2002 година помеѓу „Паркови и зеленило“ и Нелковска Ленче, со кој е утврдено средствата во износ од 40.180 ЕУР плус ДДВ, 50% да се плати веднаш а останатиот износ на 48 еднакви месечни рати. До денот на ревизијата должникот платил само 18 рати односно нема подмирено 25 рати (вкупно 30 рати) односно 10.464 ЕУР плус ДДВ и не е пресметано камата на задоцнувањето на плаќањето. Непочитување на статутарните одредби, пречекорувањата на овластувањата од страна на директорот, непревземањето на мерки и активности за наплата на побарувањето и отуѓување на наведениот стан без постапка за јавно наддавање, предизвикува: превземање на активности надвор од своите овластувања и надлежности, материјална штета на „Паркови и зеленило“, нееднаква положба на граѓаните и овозможување на противправна имотна корист на поединци.

11.4.5. На ден 30.12.1996 година склучен е Договор за отстапување на побарување-цесија заведен под број 03-3369, помеѓу „Паркови и зеленило“, Собрание на град Скопје и МАД „Виннер брокер осигурување“, со кое „Паркови и зеленило“ своите побарувања во износ од 7.000 илјади денари ги преотстапува на МАД „Виннер брокер осигурување“, на име обврски по склучен договор за купопродажба на деловен простор.

На ден 10.02.1997 година склучен е договор за купопродажба на деловен простор заведен под број 03-273 помеѓу МАД „Виннер брокер

осигурување“ и „Паркови и зеленило“ на износ од 7.000 илјади денари во вкупна површина од цирка 93,11 метри квадратни, без одлука од надлежните органи. До денот на ревизијата „Паркови и зеленило“ нема воспоставено сопственост над деловниот простор.
Непочитување на статутарните одредби, пречекорувањата на овластувањата од страна на директорот, пристапување кон склучување на договор за отстапување на побарувањата пред склучување на договорот за купопродажба, склучување на договор без одлука од надлежните органи и неможноста да се воспостави сопственост на наведениот простор, набавка на недвижен имот без соодветна транспаретност, предизвикува: превземање на активности надвор од своите овластувања и надлежности, материјална штета на „Паркови и зеленило“, неможност да се стекне сопственост на деловниот простор и овозможување на противправна имотна корист на МАД „Виннер брокер осигурување“.

11.4.6. Работничкиот совет на „Паркови и зеленило“ на ден 08.11.1996 година донесува Одлука број 02-2860/2 за набавка на деловен простор во Палата „Унија“ во површина од 93,11 метри квадратни во вредност од 7.000 илјади денари. На ден 12.11.1996 година склучен е договор за купопродажба за деловен простор помеѓу „Паркови и зеленило“ и „Велетекстил“ за износ од 7.000 илјади денари во површина од 93,11 метри квадратни. На ден 09.10.1996 година склучени се два договора за отстапување на побарување-цесија и тоа договор број 03-2791 со архивски датум од 06.11.1996 година склучен помеѓу „Паркови и зеленило“-цедент, Собрание на град Скопје-цесус и „Велетекстил“-Скопје цесионер, на износ од 3.400 илјади денари и договор број 03-2791/2 со архивски датум 6.11.1996 година со исти учесници и позиции во договорот на износ од 3.600 илјади денари, без притоа „Паркови и зеленило“ да има должничко доверителен однос со „Велетекстил“. Во отсуство на податоци и разумно објаснување за причините зошто се пристапило кон склучување на договорите за отстапување на побарувања-цесија (без ДДО) па потоа се донесувани соодветни одлуки и склучен договор, на кој начин е утврдено дека вредноста на деловниот простор изнесува точно 7.000 илјади денари, ревизијата изразува сомневање во: законитоста на постапката, трансапрентноста на набавката, реална цена на чинење на деловниот простор, наменското и законското користење на средства, пласирање на вердостојни податоци на надлежниот орган (работничкиот совет) и законитоста на превземените активности од страна на директорот, кое има за ефект прилагодување на постапките во интерес на „Велетекстил“, овозможување на имотна корист на продавачот, материјална штета на „Паркови и зеленило“, пречекување на овластувањта и доведување во заблуда на надлежен орган. И покрај тоа што со наведениот објект располага „Паркови и зеленило“ од приложената документација ревизијата не можеше да се увери за наменското користење на објектот, односно истиот се изнајмува и не служи за обавување на основната дејност на „Паркови и Зеленило“.

11.4.7. На ден 19.02.1997 година склучен е договор за закуп заведен под број 03-371, помеѓу „Паркови и Зеленило“ и „Го-Импекс“ за изнајмување на летниот диско бар „Клуб Кабрио“ за период од 20.02.1997 година до 20.02.2004 година. Управниот одбор на „Паркови и зеленило“ на ден 07.04.2000 година донесува Одлука за раскинување на Договор број 03-371 од 19.02.1997 година. На ден 07.07.2000 година составен е

Записник број 03-691 од страна вработените на „Паркови и зеленило“ кои без презентирана веродостојна документација од страна на „Го-Импекс“ констатирале дека вкупните вложувања во наведениот објект од страна на закупувачоит изнесуваат приближно 158.887 ДМ. Спротивно на одредбите од член 7 точка 7.3 во отсуство на приложена и заверена документација „Паркови и зеленило“ пристапува кон потпишување на повеќекратна компензација во износ од 5.580 илјади денари и подмирување на наведениот износ на име вложувања во летниот диско бар „Клуб Кабрио“. Непочитувањето на наведените одредби на „Паркови и зеленило“ му е нанесена материјална штета а на „Го-Импекс“ му е овозможена противправна имотна корист. За наведениот предмет се води судска постапка по пријава од Управата за јавни приходи.

11.4.8. „Паркови и зеленило“ во трговските книги искажува материјални средства (ограда) со вкупна набавна вредност од 1.586 илјади денари, која набавка (на материјалните средства-ограда) се извршени заклучно со 31.12.2002 година. За извршените набавки непостои соодветен акт од надлежен орган. Набавката на материјалните средства-ограда е поставена во забавниот парк со кој располага и управува Трговското друштво забавен парк „Луна“ ДООЕЛ Скопје каде единствен содружник е „Паркови и зеленило“. Отсуството на соодветен акт за вложувања во наведените средства, пречекурувањето на овластувањата на одговорните лица во тој период предизвикува вложувања во материјални средства во друго трговско друштво, превземање на активности надвор од своите овластувања и надлежности, матријална штета на „Паркови и зеленило“ во износ од 1.586 илјади денари. (врска наод 10.4.3.)

11.4.9. На позицијата Аванси, депозити и кауции во Билансот на состојба искажани се дадени аванси во износ од 169 илјади денари на МБ Флораскоп ДОО Скопје (кој преставува дел од вкупно исплатените 283 илјади денари) за набавка на цвеќе без склучен договор што е спротивно на Законот за облигационите односи. До денот на ревизијата дадениот аванс не е вратен од МБ Флораскоп ДОО Скопје, а порачаните количини на цвеќе не се испорачани на ЈП ,,Паркови и зеленило,,. Непочитувањето на Законот за облигационите односи, пристапување кон 100% авансна исплата на средства, недобивањето на порачаниот производ придонеле да биде нанесена материјална штета на „Паркови и зеленило“ за износ од 169 илјади денари.

11.4.10. На име трошоци за службени патувања во странство евидентирани се 276 илјади денари без донесен соодветен писмен акт од надлежен орган за извршените службени патувања во странство, што е спротивно на одредбите од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата и управните организации им се признаваат во тековни трошоци и член 17 од Статутот на „Паркови и зеленило„. Непочитувањето на наведените акти и недонесувањето на соодветен писмен акт за извршените службени патувања во странство има за ефект узурпирање на надлежностите на надлежните органи и незаконско и ненаменско користење на средства во износ од 276 илјади денари.

11.4.11. „Паркови и зеленило“ пристапил кон исплата на регрес на годишен одмор на вработените во износи поголеми од износот утврден во

Одлуката број 02-590/3 од 09.04.2004 година, што е спротивно на одредбите од Законот за исплата на платите во Република Македонија и наведената Одлука. Непочитувањето на одредбите од наведените акти предизвикува незаконско користење на средства во износ од 157 илјади денари.

11.4.12. „Паркови и зеленило“ извршило набавка на сувомеснати производи во износ од 542 илјади денари и нивна распределба на вработените, без да одлучува за тоа Управниот одбор, што е спротивно на статутарните одредби и одредбите на Законот за исплата на платите во Република Македонија. Непочитувањето на одредбите од наведените акти предизвкува незаконско и ненаменско користење на средства во износ од 542 илјади денари.

**Препораки и мерки:**

1. “Паркови и зеленило“ да обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки со кои ќе овозможи фер конкуранција, еднаква положба на понудувачите и економичност на набавките.

2. “Паркови и зеленило” во најкраток можен рок да пристапи кон превземање на мерки за: расчистување на имотно правните односи за деловни простори и станбените објекти, стекнување на правото на сопственост, нивно упишување во јавните книги, обештетување на претпријатието за неможноста за нивно користење во досегашниот период и испитување на одговорноста на надлежните органи и поединци.

3. „Паркови и зеленило“ да превземе мерки и активности за наплата на побарувањата од лицето Н.Л., да пристапи кон пресметување на камати за ненавременото плакање на побарувањата од наведеното лице и ја испита одговорноста на надлежните органи, правни лица и поединци за начинот на потпишувањето на договорот и отугување на стамбениот објект.

4. “Паркови и зеленило“ да превземе активности за поврат на повеќе платените средства, односно дадени аванси без настанат должничко доверителен однос.

5. “Паркови и зеленило” да обезбеди целосно почитување на одредбите на Уредбата за издатоците за службено патување и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци.

6. “Паркови и зеленило” да воспостави постапки и критериуми кои ќе оневозможат набавка на производи и нивна распределба, односно доследно почитување на статутарните одредби и Законот за исплата на платите во Република Македонија.

11.5. **Неправилности во ИТ системот**

11.5.1. Внесувањето на податоците во трговските книги од страна на вработените во „Одделението за сметководство и финансиска оператива“ се извршува без постоење на лозинка за пристап и најавување на операторот и не постојат процедури за архивирање на податоците (Back up), што не е во согласност со меѓународните стандарди за безбедност и заштита на податоците. Непостоењето на безбедоносни политики за сеопфатна ИТ безбедност и несоодветен информационен систем (хардвер и софтвер) предизвикува и

овозможува пристап до податоците на неовластени лица, изменување на податоците и финансиските извештаи и нивно уништување.

**Препораки и мерки:**

1. „Паркови и зеленило“ да пристапи кон: изготвување на стратегија и оперативен план за развој на информациониот систем, развивање и воведување на безбедоносни политики за сеопфатна ИТ безбедност, развивање на корисничка шифра за секој корисник во должина од 6-8 карактера и нејзино менување на секои 60-90 дена и развивање и спроведување на процедури за архивирање на податоците (Back up).

11.6. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 10.1; 10.2; 10.3, 10.4 и 10.5 предизвикуваат „Паркови и зеленило“ да: нема доследна примена на законските прописи и интерните акти, не ги подмири сите обврски према Буџетот на Република Македонија, задолжување без согласност на основачот, непостоење на соодветни сметководствени политики за начинот на отпишување на застарените аванси, побарувања и обврски, неискажани вложувања, исплата на средства без веродостојни и вистинити документи, злоупотреба на овластувањата, остварено незаконско и ненаменско користење на средствата и овозможена противправна имотна корист на други правни лица и поединци.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1 до 10.3 и 10.5 ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на „Паркови и зеленило“ под 31 Декември 2004 година.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1; 10.2.и 10.4., кај „Паркови и зеленило“ не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2004 година.

14. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

14.1. „Паркови и зеленило“во трговските книги за 2004 година искажува побарувања од основачот во износ од 51.604 илјади денари односно ненаплатени побарувања заклучно со 31.12.2004 година во износ од 27.760 илјади денари. Основачот и „Паркови и зеленило“ воспоставиле пракса своите должничко доверителски односи да ги затвараат по пат на склучување на договори за отстапување на побарувањата-цесии и договори за кмопензирање на мегусебните побарувања и обврски. Ваквиот начин и воспоставена пракса на затварање на меѓусебните побарувања и обврски и голем дел на неподмирени побарувања, придонесува за отежнато работење на претпријатието и непочитување на одредбите од Законот за јавни набавки.

**Скопје, 07.11.2005 година** **Овластен државен ревизор**
**Максим Ацевски**

**Јавно претпријатие "Паркови и зеленило " - Скопје**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| ОПИС | Образложенија | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 26,849 | 15,415 |
| Останати деловни приходи | 3.2. | 17,709 | 13,275 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | | **44,558** | **28,690** |
| Материјални трошоци | 3.5. | 39,618 | 37,383 |
| Трошоци за бруто плати | 3.6. | 92,051 | 92,754 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 3.7. | 3,862 | 3,830 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 3.8. | 5,752 | 2,051 |
| Останати оперативни трошоци | 3.9. | 40,748 | 34,054 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | | **182,031** | **170,072** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3.3. | 431 | 20 |
| Приходи од учества на вложувања | 3.4. | 144,343 | 161,256 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 3.10. | 534 | 2,359 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | | **6,767** | **17,535** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **6,767** | **17,535** |
| **Данок од добивка** | | **2,258** | **3,057** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | 4.18. | **4,509** | **14,478** |

Образложенијата дадени од страна 18-32 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.

**Јавно претпријатие "Паркови и зеленило " - Скопје**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 4.1. | 3,379 | 788 |
| Побарувања по основ на продажба | 4.2. | 8,939 | 14,449 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 4.3. | 55,008 | 59,865 |
| Други краткорочни побарувања | 4.4. | 316 | 254 |
| Платени трошоци за идните периоди | 4.5. | 673 | 1,707 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.6. | 4,654 | 5,085 |
| Залихи | 4.7. | 4,259 | 4,609 |
| **Вкупно тековни средства** | | **77,228** | **86,757** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални и материјални средства | 4.8. | 60,221 | 60,763 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 4.9. | 64,477 | 59,092 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **124,698** | **119,855** |
| **Вкупна актива** | | **201,926** | **206,612** |
| **Вонбиласна евиденција-Актива** | | **105,031** | **128,330** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4.10. | 31,552 | 44,755 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 4.11. | 5,011 | 9,179 |
| Останати краткорочни обврски | 4.12. | 10,400 | 10,161 |
| Одложени плаќања на трошоци | 4.13. | 36,252 | 28,934 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **83,215** | **93,029** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Капитал | 4.14. | 98,214 | 98,214 |
| Ревалоризациона резерва | 4.15. | 1,162 | 543 |
| Резерви | 4.16. | 3,233 | 2,520 |
| Акумулирана добивка | 4.17. | 12,306 | 0 |
| Нето добивка | 4.18. | 3,796 | 12,306 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **118,711** | **113,583** |
| **Вкупна пасива** | | **201,926** | **206,612** |
| **Вонбиласна евиденција-пасива** | | **105,031** | **128,330** |

Образложенијата дадени од страна 18-32 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.

**Јавно претпријатие "Паркови и зеленило " - Скопје**

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2004 ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Акумулирана добивка | Добивка од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **98,214** | **2,520** | **543** | **-** | **-** | **101,277** |
| Добивка за финансиска 2004 година | | 713 | | | 3,796 | **4,509** |
| Распределба на добивката за 2003 година во акумулирана добивка | | | | 12,306 | | **12,306** |
| Ревалоризациона резерва за годината | | | 619 | | | **619** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **98,214** | **3,233** | **1,162** | **12,306** | **3,796** | **118,711** |

Образложенијата дадени од страна 18-32 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.

**Јавно претпријатие "Паркови и зеленило " - Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2004 ГОДИНА**

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2004/2003** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **6,767** |
| Амортизација | 3,814 |
| Ревалоризација на амортизација | 49 |
| Приходи од задршки од плата | (415) |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 245 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 122 |
| **Готовински текови од работење** | **10,582** |
| Побарувања по основ на продажба | 3,664 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 4,857 |
| Други краткорочни побарувања | (62) |
| Платени трошоци за идните периоди | 1,034 |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 431 |
| Залихи | 350 |
| Обврски спрема добавувачи | (13,203) |
| Краткорочни обврски од финансирање | (4,168) |
| Останати краткорочни обврски | 239 |
| Одложени плаќања на трошоци | 7,318 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **11,042** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | (5,385) |
| Нематеријални и материјални вложувања | (3,066) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(8,451)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **2,591** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **788** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **3,379** |

Образложенијата дадени од страна 18-32 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.